Јавно претпријатие за комунални дејности
КОМУНАЛЕЦ ц.о
Бр. 04-1783/11
26.05 2022 год.
Струмица

Врз основа на член 45 став 1 и 2 од Законот за административни службеници (Сл. весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 год.) и доставената конечна ранг листа на кандидати и предлогот за вработување на кандидати по јавне оглас 65/2022, а во својство директор на јавното претпријатие ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО ЈПКД'КОМУНАЛЕЦ' - СТРУМИЦА

1. За извршител на работно место под Ред. Бр. 2 - КДР 0102Г04052 – "Помлад референт – помошник архивар" во "Одделението за општи работи" при "Сектор за општи работи " се избира кандидатот - **Зорица Дробарова**
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 , по конечноста на ова одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 07.04.2022 год. во дневните весници "Нова Македонија" , "Слободен печат" и "Коха" беше објавен оглас за вработување на административни службеници во ЈПКД"Комуналец" – Струмица.Постапувајки по одредбите од законот за административни службеници, комисијата за селекција за вработување по јавен оглас по записник бр. 10-722/6 од 27.04.2022 год. изврши административна селекција за вработување по јавен оглас бр.65/2022 и констатира дека за огласеното работно место под ред. бр. 1 уредно се пријави 2 (двајца) кандидати и истите продолжуваат во втора фаза.

Во просториите на Агенцијата за администрација на ден 12.05.2022 год. се спроведе испит за административен службеник (записник бр. 10-722/7 од 12.05.2022 год.

На испитот уредно беа поканети 2 кандидати кои ја поминаа првата фаза .Од нив се појави само еден кандидат кој успешно го положш испитот и помина во трета фаза.

На ден 13.05.2022 год. се изврши проверка на веродостојноста на доказите и се спроведе интервју на административниот службеник (записник бр. 10-722/8 од 13.05.2022 год.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата се изготви конечна ранг листа на кандидати и предлог за вработување на кандидати по оглас бр. 65/2022 год. и истата беше доставена до директорот на ЈПКД"Комуналец" – Струмица, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Одлука

По конечноста на ова Одлука директорот на ЈПКД'Комуналец' – Струмица во рок од 5 (пет) ќе склучи договор за вработување на неопределено време со избраниот кандидат.

Упатство за правно средство: : Против оваа одлука кандидатот имаат право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ДИРЕКТОР
Зоран Ѓоргиев

Јавно претпријатие за комунални дејности „КОМУНАЛЕЦ" ц.о Струмица